ИСИЕ
ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА
INSTITUTE FOR STRATEGIC RESEARCH AND EDUCATION

**ПОВИК БР. 01/2024 – НАБАВКА НА СМЕСТУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИ ЗА ПРОЛЕТНА ШКОЛА**

Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) од Скопје за потребите на реализација на проектот „Универзитети без корупција во Албанија, Северна Македонија и Србија" кој се спроведува во рамките на Програмата СМАРТ БАЛКАН – Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан, финансирана од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка, објавува **ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА СУБЈЕКТ ЗА НАБАВКА НА СМЕСТУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИ НА ПРОЛЕТНА ШКОЛА ВО ОХРИД**

Предмет на набавката се состои организирање на сместување на учесници на летна школа во Охрид.

**Барана локација**: Охридско езеро
**Период:** од 15 до 18 мај 2024 година.
Предмет на набавка се состои од три дела сметани како целина:
**Дел 1** се состои од ноќевање со полн пансион за 40 лица и тоа организирано во:
1. 15 двокреветни соби (каде што креветите се засебни)
2. 10 еднокреветни соби
3. 120 полни пансиони.

Полниот пансион вклучува појадок, ручек и вечера и тоа: вечера на 15 мај; појадок, ручек и вечера на 16 мај; појадок, ручек и вечера на 17 мај и појадок и ручек на 18 мај 2024 година. Во цената за ручек и вечера да биде вклучен и по еден безалкохолен пијалок по лице. Во менито на храна треба да бидат вклучени и вегетеријански опции, како и опции за лица кои имаат ограничувања/интолеранција кон одредени видови на храна.
Важно: сите гости треба да бидат сместени во еден објект.
Конечниот број на гости ќе биде утврден 30 дена пред одржувањето на настанот, при што искористените услуги ќе бидат утврдени со толеранција од плус / минус 15% од бројот на гости на кој се однесува овој повик.

**Дел 2** се состои од организирање на кафе пауза (кафе, чај и вода) за 40 лица и тоа две кафе паузи на 16 мај и две кафе паузи на 17 мај 2024 година.

**Дел 3** се состои од просторија за обука (семинар) за 40 лица која треба да биде со соодветна техничка опрема компјутер, ЛЦД проектор, платно за проектирање, флип чарт и озвучување, од најмалку два микрофони. Понудата да вклучува користење на сала за 15 мај, 16 мај, 17 мај и половина ден, до ручек на 18 мај 2024 година.

Цената во понудата да биде изразена во денари без ДДВ. Проектот е ослободен од ДДВ. Плаќањето ќе биде извршено по соодветна фактура за проекти ослободени од ДДВ.

**Важно:** Ве молиме посебно да биде изразена цена за дел 1, дел 2 и дел 3 и една вкупна цена по сите основи.

Единствен критериум за избор на најповолна понуда е вкупна цена собрана за сите три дела.

**Начин на плаќање:** 70% од износот авансно, 7 дена пред одржувањето на настанот, 30% од износот во рок од 8 дена од завршувањето на настанот, а по конечна пресметка на искористени услуги.

Понудата се доставува на електронската адреса **isie@mail.org** најдоцна до **26 февруари 2023 г.**

По завршување на процесот на селекција сите понудувачи ќе бидат известени за исходот.

Скопје, 09.2.2024 година